**Министерство за труд и социјална политика**

**Проект за итно справување со COVID-19**
**Кредит Бр: 9109-MK**

# ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ
# за
# НАБАВКА НА ИНВЕНТАР И НЕМЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ЗА РЕГИОНАЛНИ КОВИД ЦЕНТРИ

**РЕФ.БР. MK/ERCP # 1.1.8**

1. Република Северна Македонија аплицираше за добивање на кредит од страна на Групацијата на Светска банка за покривање на трошоците во рамки на Проектот за итно справување со COVID-19, и има намера дел од средства кои ќе ги добие да ги искористи за исплати согласно договорот за Набавка на инвентар и немедицинска опрема за Регионални ковид центри.

2. Министерството за труд и социјална политика објавува повик за поднесување на понуди во затворен плик од страна на квалификувани понудувачи за Набавка на инвентар и немедицинска опрема за Регионални ковид центри.

3. Процесот на набавка ќе се спроведе согласно набавниот метод "Национален отворен тендер" согласно "Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година и август 2018 година", достапно на следната веб страна: www.worldbank.org, и е отворен за сите понудувачи од квалификуваните држави како што е дефинирано во тендерската документација.

4. Заинтересираните понудувачи може да добијат дополнителни информации и да направат увид во тендерската документација на адресата наведена подолу од 08:30 до 16:30: Министерство за труд и социјална политика , Кочо Рацин , 14/9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Телефон: +389(0)23296-807

Електронска адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

5. Тендерска документација на македонски јазик заинтересираните понудувачи може да ја добијат по поднесување на писмено барање на следнава е-маил адреса: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

Тендерската документација ќе биде доставена електронски или истата ќе може да се подигне лично од просториите на Министерството за труд и социјална политика на Кочо Рацин , 14/9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

6. Сите понуди мора да бидат придружени со Изјава за гаранција на понудата.

7. Понудите мора да се доставaт на адреса: Министерство за труд и социјална политика (архива на приземје), ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, најдоцна до 11:00 часот на : **03.11.2020 година** . Електронско доставување на понудите не е дозволено. Задоцнетите понуди ќе бидат одбиени.

8. Понудите ќе бидат отворени јавно во присуство на претставници на понудувачите кои ќе сакаат да присуствуваат на јавното отворање како и од други лица кои ќе сакаат да присуствуваат на јавното отворање кое ќе се одржи: **03.11.2020 година** во 11 часот на следната адреса: Министерство за труд и социјална политика, соба за конференции бр:1, ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.